**Известување за концентрација со која МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о., Србија стекнува целосна контрола над ЦМ Инвест ГмбХ, Австрија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о., со регистрирано седиште на Вргорац (Град Вргорац) Тежачка 13, Хрватска, стекнува целосна контрола над ЦМ Инвест ГмбХ, со регистрирано седиште на Кошатштрасе 38 9020 Клагенфурт на Вертерзе, Австрија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ д.о.о.** е компанија активна во дејностите на производство и преработка на месо, трговија, услуги, туризам, угостителско-туристичка агенција.

Во Република Северна Македонија, подносителот на концентрацијата е присутен преку друштвото :

- Крашкомерц КРАШ ДООЕЛ - Скопје со седиште на Ул. Даме Груев бр. 3, Скопје кое има регистрирана основна дејност – издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

**ЦМ Инвест ГмбХ** е со главна деловна активност - управување со компании.

По пат на планираната трансакција, ПИВАЦ планира да стекне единствена контрола со стекнување на 80% од ЦМ Инвест ГмбХ со можност потоа да ги стекне преостанатите 20% акции на ЦМ Инвест ГмбХ..

Подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар на производи да се дефинира производството на месо и месни производи во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по е-

mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

25.07.2024 година, Скопје